

# Дерматоскопија и Дерматологија

Др. Јелка Ѓоргиевска
спец. дерматовенеролог

Клиничка болница Битола

- Врз основа на Програмата за едукација  на лекари и медицински персонал за 2014 год Министерството за здравство на Р. Македонија донесе решение за моја обука во странство во периодот од 18.10.2014  до 14.11.2014 год во болницата Токуда – Софија ( Р. Бугарија) во одделот за дерматовенерологија на тема Дерматологија и дермоскопија.


Токуда Болница София





- Одделот за дерматовенерологија во болницата Токуда има свој стационарен дел во кој се хоспитализираат болни со тешки форми на дерматолошки заболувања и амбулантски дел кој располага со три дијагностички кабинети.Во стационарниот дел редовно присуствував на утринските визити од 8.30 до 9 часот,а потоа одев во амбулантскиот дел каде се запознав со нивниот начин на дијагностика и терапија на дерматовенеролошките пациенти.





- Во одделението работи и Дневен центар за лекување на псоријаза, каде за секој пациент  се изготвува индивидуална програма за лекување кое вклучува:
- фототерапија
- локална терапија
- медикаментозна терапија



- Во одделението се воведени и современи методи  за дермоскопска дијагноза и проследување на пигментни промени на кожата со цел детекција на ран стадиум на малигни меланом.Овие дермоскопски прегледи се организираа секој вторник и беа бесплатни.




DermLite II
PRO HR

- Одделот за дерматовенерологија располага и со:
- манипулациона сала која служи за оперативно лекување на бенигни и малигни заболувања на кожата.
- сектор за фототерапија кој е особено ефективен при лекување на psoriasis vulgaris, parapsoriasis, dermatitis atopica, pruritus и др.
- Естетска дерматологија на која и се дава голем акцент и е исклучително барана.







- Секој четврток во 13.30 часот стручниот колегиум на дерматовенеролошкиот оддел организираше состанок каде се вршеа консултации за сите клинички нејасни случаи со стручниот консултант на одделот проф Др Цанков.

- Од сето тоа што го видов за време на мојот едномесечен престој во Софија мое мислење е дека не постои суштинска разлика во начинот на дијагностицирање и терапија на дерматовенеролошките пациенти во болницата Токуда и клиничка болница Битола.
- Нивната предност во однос на нас е тоа што имаат современи апаратури за фототерапија,козметологија и дермоскопија кои ги немаме во нашата клиничка болница.
- Благодарна сум на министерот за здравсто за укажаната доверба и за мојот престој во Софија.